**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**Државен просветен инспекторат**
**Број: 09-42/5**
**04.03.2024 година**
**Прилеп**

# СОУ„Ристе Ристески-Ричко “Прилеп

Извештај од извршена интегрална евалуација

| | |
|---|---|
| **Датум на интегрална евалуација:** | Од 15 до 17.11 .2023 година |
| **Број на извештај:** | 13/пелагониски/2023 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Антониела Стојаноска |
| **Вид на училиштето:** | Средно стручно училиште |
| **Број на ПУ** | / |
| **Основач на училиштето:** | Општина Прилеп |
| **Наставен јазик:** | македонски јазик |
| **Број на ученици:** | 912 |
| **Полова структура на ученици:** | 673 машки и 239 женски |
| **Број на наставници:** | 79 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Андријана Челебитова |
| **Директор на училиштето:** | Цветанка Ѓорѓиоска |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | од 11 до 13.04.2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | Точила бб |
| **Телефон:** | 048 415 376 |
| **Факс:** | 048 414 447 |
| **e-mail:** | riste.risteski.ricko@gmail.com |
| **Оценка од ИЕ** | 3,33 добро |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006)

## РЕЗИМЕ

Во СОУ „Ристе Ристески Ричко“ Прилеп во период од 15 до 17.11.2023 година согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за просветна инспекција , извршена е интегрална евалуација од страна на тим на тројца државни просветени инспектори. Целта на интегралната евалуација е да се оцени квалитетот на воспитно-образовниот процес во училиштето како и примената на законите, другите прописи и општи акти со кои е регулирано образованието.

За време на тродневниот надзор тимот на државни просветни инспектори ги спроведе сите планирани активности предвидени со Прирачникот за вршење на интегрална евалуација. Посетени беа наставници кои реализираат настава во училиштето, се одржаа планираните состаноци со директорот на училиштето, стручните соработници , стручните органи и тела (дел од наставници, претставници на Училишниот одбор и Советот на родители).

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот по седумте подрачја за квалитет на воспитно образовниот процес, разговорите водени со различните фокус групи , посетата на наставните часови, анализа на доставените прашалници, тимот на државни просветни инспектори констатира дека квалитетот на целокупната работа во СОУ „Ристе Ристески Ричко“ Прилеп е на ниво **Добро (3,33).**

Во училиштето СОУ „Ристе Ристески Ричко“ Прилеп се реализираат наставни планови и програми од четири сектори и тоа : електрорехника , машинство, графичарство и сообраќај ,транспорт и складирање, како и наставниот план од Гимназиско образование спортска гимазија.

Застапени се девет квалификации :

Сектор електротехника: електротехичар за компјутерска техника и автоматика, електротехничар енергетичар, електротехничар за електоника и телекомуникации од четиригодишно образование, автоелектроничар,електричар од тригодишно образование.

Сектор машинство: машински техничар, машинскоенергетски техничар, машинскитехничар за моторни воазила од четиригодишно образование, автомеханичат , машински механичар од тригодишно образование,

Сектор сообраќај ,транспорт и складирање :техничара за транспорт и шпедиција и техничар за патен сообраќај од четиригодишно образование и

Сектор графичарство: графички уредник и дизајнер и графички техничар од четиригодишно образование

Во училиштето има 10 дуални паралелкии тоа:

- по македонски модел на образование во прва година две дуални паралелки машински техничар и машински енергетски техничар сектор машинство,
- по германско дуално образование (модел) има во прва , втора , трета и четврта година по две паралелки и тоа: s техничар за индустриска мехатроника сектор електротехника и техничар за производно машинство во сектор машинство.

Во училиштето наставата по сите наставни предмети се остварува во согласност со Наставниот план за средно стручно образование и Гимназиско образование спортска гимазија.

Во училиштето со учениците во сите сектори се изведува програма и тоа редовна настава, изборна настава, Учење преку работа кај работодавач, практична настава ,феријална практика, содржини програмирани од училиштето, додатна и дополнителна настава .

Во училиштето се реализира специјалистична настава од сектор електротехника и машинство.

Во планирањата на наставниците нема содржини од аспект на мултикултурализам.

Во училиштето се реализираат и проекти и тоа:

- ✓ Проект за зајакнување на компетенции и вештини на анставниот кадар и стручни соработници, директор и помошник директор во делот на образование за возрсни
- ✓ Проект ,, ERASMUS+
- ✓ Проект "Драмски работилници“ одобрен од МОН
- ✓ Проект„Училиштето и музеите“

Училиштето во планира и реализира многу голем број на воннаставни активности, кои ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Истите го помагаат развојот на учениците за граѓански и општествени компетенции за доживотно учење, а се нагласуваат и локалните особености.

И оваа учебна година се понудат секции на заинтересираните ученици, каде ќе имаат можност да истражуваат и да се стекнуваат со нови знаења и искуства во нивното поле на интерес.

Со учениците од трета година се планира и се изведуваат повеќедневна екскурзија Екскурзијата се планирана и реализира во пролетниот период од учебната година во договор со учениците, Советот на родители..

Училиштето прибира податоци и изготвува извештаи и анализи за постигањата на учениците. Се изготвуваат извештаи од прво тимесечие, полугодишни, трето тримесечие и годишни извештаи од страна на стручната служба во кои се дадени податоци за постигањата на учениците според пол,паралелки и наставни предмети.

Изготвените анализи покажуваат дека средниот успех на учениците за последните три учебни години изнесува: 3,15 на крајот од учебната 2020/2021 година и за учебната 2021/2022 средниот успех е 3,08 и за учебната 2022/23 средниот успех е 3,16.

Од страна на стручната служба во училиштето и класните раководители се идентификувани ученици со потешкотии во учењето. Во училиштето нема ученици со посебни образовни потреби.

Постапката за премин на ученици од едно во друго училиште се почитува во целост.

Во учебната 2020/21 има 24 повторувачи, во 2021/22 има 16 повторувачи и минатата 2022/23 учебна година има 13 повторувачи , дел од истите во оваа учебна година се испишале во други училишта. Училиштето ги идентификува и анализира причините кои доведуваат до послаб успех и истовремено се превземаат мерки за подобрување на состојбата преку организирање на активности за помош и поддршка како во редовната така и во дополнителната настава. Училиштето ова тромесечие бележи тренд на намалување на бројот на изостаноци и успехот кај учениците кои ја повториле годината.

Наставниците имаат поддршка од страна на стручната служба при изработка на планирањето за реализација на воспитно-образовниот процес. Има Процедура за следење и поддршка на планирањата на наставниот процес и вреднување на квалитетот на планирањата . За истото изготвен е Инструмент кој се пополнува за секој наставник поединечно за квалитетот на планирањата

Практичната настава за сите сектори се реализира во училиштето и по фирми и компании. Во училиштето се реализира феријална настава на крајот од учебната година за ученици од прва , втора и трета година .

Наставата во СОУ„Ристе Ристески Ричко“ Прилеп се изведува на македонски наставен јазик и се реализира во согласност со актите од Бирото за развој на образование на Република С. Македонија, како и Министерството за образование и наука на РСМ и ЦССО.. Наставата се изведува во соодветно адаптирани кабинети од кои некои се целосно, а некои делумно опремени со наставни средства и помагала.

Од учебната 2013/14 година официјално во училишттое работи Кариерниот Центар .

Оценувањето во училиштето е добро. Училиштето ги применува и спроведува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Редовните и изборните наставни предмети се оценуваат нумерички, исто и содржините програмирани од училиштето кои не влегуваат во просекот на успехот на учениците .Оценките се

утврдуваат на секој класификационен период за време на Класните и Наставничките совети.

Во училиштето во функција е е-дневникот во кој се евидентира оценувањето.

Училишниот објект и спортската сала ги задоволуваат стандардите и хигиено-техничките услови за непречено одвивање на наставата. Инфраструктурата на училиштето е безбедна и не претставува опасност за повреда на учениците и вработените. При реализација на практичната настава учениците користат заштитна опрема, за истото во училиштето има сертифицирани наставник и педагогот кој секоја учебна година вршат интерна обука на учениците кои се упатуваат на практична настава (учење преку работа.) За оваа учебна година училишниот објект и спортската сала се осигурани. Во училиштето има обучен наставен кадар со сертификат за давање на прва помош на лица при несреќи, како и вработен стручен наставен кадар од областа на секторот здравство, кои се оспособени за давање на прва помош. Во училиштето од вработените лица формиран е тим за давање на прва помош.. Училиштето има спроведува симулациона вежба за евакуација, спасување и укажување на прва помош при пожар, земјотрес и други непогоди. Во вежбата се вклучени сите присутни ученици и наставници кои се и главни учесници во вежбата.

Училиштето има изготвено План на мерки и активности за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи.

Училиштето има пишани документи-кодекси и правилници, со кои се дефинирани сите облици на однесување на учениците, наставниците, родителите и другите лица вработени во училиштето.

Училиштето има пишани документи за забрана за пушење, конзумирање на алкохол и наркотични средства, поседување на оружје и опасни материјали по здравјето и животот на сите во училиштето.

Во училиштето се продава храна за учениците, продавницата училиштето ја издава под закуп со Договор(арх.бр.03-501/1 од 26.09.2023 година), вработените во продавницата имаат извршено задолжителен санитарен преглед

Училиштето за оваа учебна година има извршено дезинфекција, дезинсекција и дератизација на училишниот простор. Училиштето има програма за превенција за заштита на учениците од заразни болести. Во второ полугодие од оваа учебна година планирани се систематски прегледи за учениците од прва и четврта година.Минатата учебна година не се извршени систематски прегледи за учениците за кои како причина е наведена недостаток на медицински персонал во ЈЗУ Здравствен дом – Прилеп.

Училиштето реализира програма за професионално ориентирање и кариерно советување на учениците. Со учениците од завршните години се вршат индивидуални и групни советувања за понатамошно образование и вработување.

Училиштето е препознатливо по квалификациите кои ги нуди со дуалното образование и се поголемиот број ученици кои го избираат училиштето да го продолжат своето образование, како и од постигнувањата на учениците во различни области.

Училиштето води политика на заемно почитување и вклученост на сите што учествуваат во училишниот живот.

Формиран е младинска оргаизација што го одразува етничкиот состав на училиштето. Таа во реализација на својата програма добива поддршка од училиштето (менторска, логистичка, материјална итн.).

Педагогот има реализирано повеќе работилници и предавања на теми: ненасилство, заштита на личните податоци, заштита од сајбер насилство и други.

Најголемиот број родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето

Училиштето е активно вклучено во животот на општината преку спроведување на бројни активности и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Општината се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето преку

обезбедување на средства за инфраструктурни подобрувања и за набавка на нагледни средства и технички помагала.

Училиштето остварува квалитетна партнерска соработка со деловната заедница преку добро организирање на: учење преку работа кај работодавач, практична настава и феријална пракса. Постојат повеќе конкретни примери за успешна соработка со граѓанскиот сектор и активно учество на дел од вработените и младинската организација во проекти од интерес на заедницата, како и соработка со училишта на меѓународно ниво преку „Еразмус плус“ проектите.

Во училиштето има училишна библиотека и има изготвено програма за работа на библиотеката.. Во однос на библиотечниот фонд, училишната библиотека располага со над 7800 книги-лектирни изданија, 374 книги-стручна литература, од областа на медицината, 844 книги белетристика, 5856 учебници, над 1300 книги на странски јазици.

Во Годишната програма за работа на училиштето, како и во програмите за работа на директорот и стручната служба, планирани се активности за поддршка за професионален развој на наставниците и на стручните соработници, преку учество на семинари, работилници, предавања и нивна дисеминација во училиштето. Секој наставник има ажурирано портфолио за професионален развој со изготвен личен план за професионален развој. Во училиштето се користат прашалници за наставници со кои се идентификуваат потребите на наставниците за професионален развој. Во училиштето преку менторска работа и инструктивна работа на стручните соработници се дава помош на наставниците-приправници.

Училиштето финансиските средства ги обезбедува преку буџетот на локалната самоуправа и од сопствени приходи. Јавнта набавка за превоз на ученици, електрична енергија и набавка на течни горива за огрев, ги спроведува училиште во Општина Прилеп, кое е носител на групна набавка.

Согласно финансискиот план на буџетската сматка на училиштето редовно пристигнуваат планираните финансиски средства.

Училишниот одбор е конституиран со 11 члена. Стопанската комора нема именувано претставник од деловната заедница и покрај навременото и уредно доставено барање од училиштето. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со статутот и деловникот за работа на училишниот одбор.

Училишниот одбор работи според своја порграма и акционен план. Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа преку огласната табла во училиштето. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Десет од единаесет членови се со сертификати за успешно завршени обуки. Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени наставниците преку наставничкиот совет и родителите преку советот на родители. Претпочита работи со тимови,. Раководниот орган го следи работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во училиштето. Ефективно делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот професионален развој.

Најголемиот број вработени и родители се задоволни од раководењето и сметаат дека директорот носи одговорни одлуки и има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата.

Директорот успешно ги имплементира во училиштето промените во образовниот систем, се фокусира на приоритетите идентификувани во развојниот план/програма, со посебно внимание на постигнувањата на учениците и подобрувањето на училиштето.

Мисијата и визијата на училиштето ја одразуваат државната и локалната образовна политика и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, поддршка на активностите за инклузија, професионален развој на наставниците, унапредување на постигнувањата на учениците и соработката со родителите. Вработените, родителите и

учениците се запознаени со мисијата и визијата преку своите органи. Училиштето ги вклучува наставниците, родителите и учениците во остварувањето на мисијата и визијата. Училиштето соработува со општината за остварување на мисијата и визијата.

Училиштето изработено Самоевалуација , 01-460/1 од 30.08.2022 година и Програма за развој 01-461/1 од 30.08.2022.

Училиштето има Статут број 01-174 од 18.11.2005 година година за кој има согласност од Министерството за образование и наука ,и има донесено Одлука за изработка на нов Статут.

За учебната 2023/2024 година училиштето има изготвено Годишна програма за работа 01-401/1 од 25.08.2023 година и истата има добиено документ за усвојување од Советот на Прилеп со Одлука број 09-3114/22 од 20.09.2023 година. .

Во училиштето функционира Училишен спортски клуб „УСК Индустриско “, кој е активен. Регистриран во Централен регистар, прием на пријава 23.02.2022 и деловоден број 30520220000201.

Во училиштето има формирано инклузивен тим. Во училиштето нема ученици со посебни образовни потреби

Во училиштето нема формирано тим за меѓуетничка соработка за млади во образованието(МИМО)

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Средното општинско училиште СОУ „Ристе Ристески-Ричко“ Прилеп е лоцирано во населба Точила ви близина на ООУ„ Блаже Конески“ Прилеп.

Во училиште наставата се изведува на македонски наставен јазик. Се реализира настава од четири сектори и тоа : електрорехника , машинство, графичарство и сообраќај ,транспорт и складирање, како и наставниот план од Гимназиско образование спортска гимазија .

Застапени се девет квалификации и за истите има верификации од МОН:

Сектор електротехника: електротехичар за компјутерска техника и автоматика, електротехничар енергетичар, електротехничар за електоника и телекомуникации од четиригодишно образование, автоелектроничар,електричар од тригодишно образование,

Сектор машинство: машински техничар, машинскоенергетски техничар, машинскитехничар за моторни воазила од четиригодишно образование, автомеханичат , машински механичар од тригодишно образование,

Сектор сообраќај ,транспорт и складирање :техничара за транспорт и шпедиција и техничар за патен сообраќај од четиригодишно образование и

Сектор графичарство: графички уредник и дизајнер и графички техничар од четиригодишно образование

Во училиштето има 10 дуални паралелкии

Средното општинско училиште „Ристе Ристески Ричко “ Прилеп има решение за верификација на Индустриско училиште со практична обука –електро, машински смер „Ристе Ристески-Ричко“ Прилеп со број 07-1480 од 01.06.1961 година од претседател на Советот за просвета на НРМ. .

Запишано е во Централен регистар со Деловоден број 30520230000224. Од 06.04.2023 година

Воспитно образовниот процес се остварува во две смени. Наставата се организира во две училишни згради кои се изградени од тврд материјал и се во добра состојба . Во старата училишна зграда се реализаира настава во еден кабинет практична настава за учениците од тригодишно образование од сектор машинство..

Новата училишна зграда располага: 23 училници, 13 кабинети, 1 лабораторија за мерење, 4 работилници за практична настава, 1 Кариерен центар, 1 современа новоизградена фискултурна сала, 1 библиотека, 1 архива, 4 канцеларии (за директор, за помошник директор , за младинска организација и за наставниците), 2 простории за стручните соработници, 2 простории за административно-економскиот персонал, 1 просторија за техничкиот персонал, 1 чајна кујна, 1 продавница,1 котларница, 4+1 санитарни јазли, тераса, широки ходници и скалила.

Во училишниот двор се наоѓаат 2 спортски игралишта и котларницата а зо задниот дел е спортска сала

Во училиштето настава следат 912 ученици распоредени во 38 паралелки Во воспитно образовниот процес се вклучени 79 наставници , педагог , психолог, дефектолог ,библиотекар , помошник директор и директор .

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1. Реализација на наставните планови и програма

Во училиштето СОУ „Ристе Ристески Ричко“ Прилеп се реализираат наставни планови и програми од четири сектори и тоа : електрорехника , машинство, графичарство и сообраќај ,транспорт и складирање, како и наставниот план од Гимназиско образование спортска гимазија .

Застапени се девет квалификации :

Сектор електротехника: електротехичар за компјутерска техника и автоматика, електротехничар енергетичар, електротехничар за електоника и телекомуникации од четиригодишно образование, автоелектроничар,електричар од тригодишно образование,

Сектор машинство: машински техничар, машинскоенергетски техничар, машинскитехничар за моторни воазила од четиригодишно образование, автомеханичат , машински механичар од тригодишно образование,

Сектор сообраќај ,транспорт и складирање :техничара за транспорт и шпедиција и техничар за патен сообраќај од четиригодишно образование и

Сектор графичарство: графички уредник и дизајнер и графички техничар од четиригодишно образование

Во училиштето има 10 дуални паралелкии тоа:

- по македонски модел на образование во прва година две дуални паралелки машински техничар и машински енергетски техничар сектор машинство,
- по германско дуално образование (модел) има во прва , втора , трета и четврта година по две паралелки и тоа: s техничар за индустриска мехатроника сектор електротехника и техничар за производно машинство во сектор машинство.

За учениците кои следат настава во дуалните паралелки практичната настава се изведува во компаниите Genterm, Wik и Витаминка. За реализација на наставата во паралелките од Германско дуално образование од изминатата година Меморандум за соработка е потпишан со компанијата “Ламинати”, а за потребите на реализција на наставата на паралеките од Македонско дуално образование (Машинска струка) Меморандум за соработка беше склучен со Ачик инженеринг, Ферофлекс, Сварок, Технобен Нова и Еуротерм.

Во училиштето наставата по сите наставни предмети се остварува во согласност со Наставниот план за средно стручно образование и Гимназиско образование спортска гимазија.

Во училиштето со учениците во сите сектори се изведува програма и тоа редовна настава, изборна настава, Учење преку работа кај работодавач, практична настава ,феријална практика, содржини програмирани од училиштето, додатна и дополнителна настава .

Редовната , изборната настава и практичната настава е согласно наставниот план за секој сектор и образовна квалификација. . Практична настава има распоред за сите сектори посебно. Наставта за Учење преку работа се реализира во хголем број компанихdrz5 и институции со кои се потпишани трипартитни договори и исто така со нив училиштето има потпишано Меморандуми за соработка. Учениците водат дневник за феријална пракика, за практична обука и учење преку работа кај работодавач. Во училиштето се реализираат програми за содржини програмирани , од училиштето за кои има согласност од ЦСОО. Наставниците за иститнe водат евидентен лист и не се доставија Портфолија кои ги водат учениците. Исто така наставниците немаат распоред за реализација на Прогарамата за СПУ . Дел од наставниците рализираат и проектни активности.Феријалната пракса се реализира за учениците од прва , втора и трета година во фирми и институции со кои се потпишани договори за соработка. Сопред потребите на учениците се реализира дополнителна настава , додатна настава по мал број предмети се реализира пред натпревари .

Во училиштето на денот на интегралната програма не се реализира и програма за образование на возрасни.

Во училиштето се реализира специјалистична настав од сектор електротехника и машинство

Родителите и учениците се информирани за наставните планови и програми што се реализираат, најчесто при самиот упис во прва година и на родителски состанци. Во училиштето има формирано училишен инклузивен тим и нема деца со посебни образовни потреби.

Во училиштето нема пропишана процедура за планирање и реализација на активности од меѓуетничка интеграција во образовнието, ине е формиран училишен тим за меѓуетничка интеграција. Партнер училиште нема.

При избор на изборни предмети добро се почитува постапката за определување на изборни предмети, согласно наставните планови и образовниот профил.

### 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

Во планирањата на наставниците нема содржини од аспект на мултикултурализам. Постојат примери каде на стручните активи пред почетокот на учебната година се разгледуваат наставните планови и програми и учебните помагала. Во училиштето има наставниците кои на државно ниво се вклучени во изработка на наставни планови и програма, како и учебници за стручните предмети.

Поголем број наставници вградуваат особености на локалната средина во поставените цели во наставните програми.

Во училиштето се реализираат и проекти и тоа:

- ✓ Проект за зајакнување на компетенции и вештини на анставниот кадар и стручни соработници, директор и помошник директор во делот на образование за возрсни
- ✓ Проект ,, ERASMUS+
- ✓ Проект "Драмски работилници“ одобрен од МОН
- ✓ Проект„Училиштето и музеите“

Има наставниците кои ги вградуваат меѓупредметните цели (развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитување на различноста и др.) во своите планирања,. Реализацијата на меѓупредметните цели е понагласена при реализација на практичната обука во училишните работилници и фирмите, во наставата на некои стручни предмети каде се применуваат активни методи и практична работа, во реализиција на проекти на учениците, ученички секции, натпревари, предавања и дебати во соработка со класните раководители и педагошко-стручната служба и др.

### 1.3. Воннаставни активности

Училиштето во планира и реализира многу голем број на вонаставни активности, кои ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Истите го помагаат развојот на учениците за граѓански и општествени компетенции за доживотно учење, а се нагласуваат и локалните особености.

Воспитната работа на учениците преку слободните ученички активности се повеќе е присутна и актуелна меѓу учениците. Ваквата заинтересираност на учениците за слободните ученички активности произлегува оттаму што учениците се присутни на сите општински и републички манифестации,симпозиуми, натпревари, бидејќи ова претставува одлична можност учениците да се дружат спортувајќи, глумејќи, творејќи и најважно од се претставувајќи се себеси преку вештините и знаењата што ги стекнуваат во стручното образование. Социјализацијата ,меѓусебната соработка, доверба и толеранција се основа на ваквите активности внесувајќи позитивна енергија кај ученици.

И оваа учебна година се понудат секции на заинтересираните ученици, каде ќе имаат можност да истражуваат и да се стекнуваат со нови знаења и искуства во нивното поле на интерес.

За оваа учебна година ќе работат следните секции за истe има одговорни наставници:

1. . Математичка секција –
2. Физичка секција
3. Литературно–рецитаторска секција
4. Драмска секција
5. Историска секција
6. Хор
7. Секција за спорт и спортски активности

8. Секција по графички дизајн
9. Фотографска секција
10. Училишна сообраќајна единица –

Во последните години, учениците, со помош и поддршка од наставниците, учествуваат во различни манифестации од локален карактер, како и на конкурси или натпревари од различни области што се организираат на регионално, државно и меѓународно ниво,. на стопански објекти од интерес на струките, во земјава и надвор од неа.

Во училиштето функционира Училишен спортски клуб „УСК Индустриско “, кој е активен. Регистриран во Централен регистар, прием на пријава 23.02.2022 и деловоден број 30520220000201.

Во училиштето се планира и се изедуваат две еднодневни ученички екскурзии од забавен, спортски и рекреативен карактер во околината на градот на почетокот од септември и во месец јуни. Се реализираат и наставни екскурзии од работен и општествен интерес на учениците за посета на одредени работни организации и фабрики во кои се изведува работа блиска и тесно поврзана со она што се изучува во струките во училиштето.

Со учениците од трета година се планира и се изведуваат повеќедневна екскурзија Екскурзијата се планирана и реализира во пролетниот период од учебната година во договор со учениците, Советот на родители..

Во училиштето не се реализираат активности за меѓуетничка интеграција и нема партнер училиште.

# 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1. Постигања на учениците

Училиштето прибира податоци и изготвува извештаи и анализи за постигањата на учениците. Се изготвуваат извештаи од прво тимесечие, полугодишни, трето тримесечие и годишни извештаи од страна на стручната служба во кои се дадени податоци за постигањата на учениците според пол,паралелки и наставни предмети.

Во однос на запишани ученици во училиштето може да се констатира дека вкупниот број на ученици во 2020/21 година е во електротехничка струка 249,машинска струка 200,сообракајна струка 231, графичка струка 127 и спортска гимназија 87 или вкупно 894 ученици; во 2021/22 година бројот на запишани ученици во електротехничка струка 266,машинска струка 221,сообракајна струка 229, графичка струка 128 и спортска гимназија 88 или вкупно 942 ученици; во учебна 2022/23 година бројот на запишани ученици електротехничка струка 272,машинска струка 216,сообракајна струка 208, графичка струка 124 и спортска гимназија 79 или вкупно 899 ученици; оваа учебна година електротехничка струка 274 ,машинска струка 227,сообракајна струка 206, графичка струка 101 и спортска гимназија 79 или вкупно 912 ученици .

Изготвените анализи покажуваат дека средниот успех на учениците за последните три учебни години изнесува: 3,15 на крајот од учебната 2020/2021 година и за учебната 2021/2022 средниот успех е 3,08 и за учебната 2022/23 средниот успех е 3,16.

Воедно се следат и постигањата од државната матура и завршниот испит во училиштето. За минатата учебна година 175 учениците се пријавиле за поладање на државна матура, од кои два ученици не положиле државна матура, поради нејавување на испит за државна матура, а еден ученик немал право поради негативна оценка.

Од страна на стручната служба во училиштето и класните раководители се идентификувани ученици со потешкотии во учењето. Во училиштето нема ученици со посебни образовни потреби.

Училиштето организира дополнителна настава за учениците кои покажуваат слаб успех по поголемиот број на предмети и имаат потешкотии во учењето. Реализацијата на дополнителната настава се реализира кај 70% од наставните предмети. За учениците кои се упатени на поправен испит се организира и изведува продолжителна настава, а за учениците од завршните години се организира консултативна настава за припрема на учениците за полагање на државната матура и завршниот испит. Училиштето има изготвено распорет за реализација на дополнителна и додатна настава, истиот е истакнат на огласна табла во училиштето и доставен до Државниот просветен инспекторат. Додатната настава се реализира пред одржување на натпревари.

Реализацијата на додатната и дополнителната настава е добра.

Училиштето им овозможува на учениците премин од еден во друг образовен профил од иста или сродна струка.

Училиштето не организира заеднички активности (наставни и вонnаставни) со ученици од мешан етнички состав, во рамките на училиштето. Училиштето нема формиран тим за меѓуетничка интеграција во образованието, и нема изготвена програма за работа. Нема партнер училиште.

Училиштето организира училишни натпревари на ниво на струка, најдобро рангираните учествуваат на регионални и државни натпревари.

Во последните три учебни години, одреден број на ученици имаат учествувано на општински, регионални и натпревари на државно ниво, на кои се освоени награди, а има и голем број на учества, по следните наставни предмети: ФЗО, математика, англиски, и од стручните предмети (техничар за електротехничар – енергетичар, техничар за производно машинство, машински техничар, машински техничар за моторни возила, техничар за индустриска мехатроника, техничар за транспорт и шпедиција, техничар за патен сообраќај). Училиштето учествува и на државен натпревар „образовно рандеву“ МАССУМ и за „лидер на струка“ каде се освоени места.

Во училиштето се спроведува советување на родители од страна на психологот после секој одделенски совет за што се води уредна евиденција .

### 2.2. Задржување/осипување на учениците

Постапката за премин на ученици од едно во друго училиште се почитува во целост.

Покрај успехот на учениците, во училиштето се следи и редовноста на учениците, се анализираат причините за отсуството од наставата и се превземаат конкретни активности. Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците.

Во однос на изостаноци на учениците во учебна 2020/21 година направени се вкупно 24154 изостаноци, во учебната 2021/2022година направени се вкупно 18686 изостаноци и во 2022/23 година 56399. Минатата учебна година од вкупно 899 ученици со примерно поведение се 639,со добро 135 и со незадоволително 135 ученици. На учениците кои неоправдано изостануваат од редовната настава, како и за непримерно однесување им се изрекуваат постапно и навремено педагошки мерки, согласно Правилникот за начинот на изрекување на педагошки мерки во јавните средни училишта, и се повикуваат родители на советување. За изминатата учебна година од страна на

стручната служба извршено е советување на ученици и родители по основ на намален успех на 109 ученици и 141 родител, по основ на нередовно посетување на настава на 46 ученици и 62 родители.

По однос на осипувањето на учениците во училиштето, за изминатата учебна година не го продолжиле образованието 3 ученици поради иселување во странството. За останатите испишани ученици, односно ученици кои преминале во друго училиште се води евиденција во дневниците за работа со датуми кога се испишале и се издаваат преведници во училиштата каде се запишуваат. Во училиштето се почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго.

Минатата учебна година 4 ученици се запишани како вондредни ученици, поради социјалниот статус (вработување). Голем процент од учениците го завршуваат образовнието.

### 2.3. Повторување на учениците

Во учебната 2020/21 има 24 повторувачи, во 2021/22 има 16 повторувачи и минатата 2022/23 учебна година има 13 повторувачи , дел од истите во оваа учебна година се испишале во други училишта. Училиштето ги идентификува и анализира причините кои доведуваат до послаб успех и истовремено се превземаат мерки за подобрување на состојбата преку организирање на активности за помош и поддршка како во редовната така и во дополнителната настава. Училиштето ова тромесечие бележи тренд на намалување на бројот на изостаноци и успехот кај учениците кои ја повториле годината.

Училиштето ги запознава учениците и родителите со правото за поднесување жалба при повторување на учебната година, за истите на наставнички совет дел се прифатени, дел одбиени, во зависност на причините и аргументите искажани во жалбата.

## 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

### 3.1 Планирање на наставниците

Наставниците имаат поддршка од страна на стручната служба при изработка на планирањето за реализација на воспитно-образовниот процес. Има Процедура за следење и поддршка на планирањата на наставниот процес и вреднување на квалитетот на планирањата . За истото изготвен е Инструмент кој се пополнува за секој наставник поединечно за квалитетот на планирањата

По сите наставни предмети се изготвува годишен глобален план, планирање на модуларни единици, план за наставен час, при што посебно внимание се посветува на конкретизација на воспитните, образовните, функционалните цели и задачи во рамките на одделни програмски содржини Планирањата се изработуваат индувидуално. Во дел од паралелки се реализа нстава од содржини програмирани од училиштето или проектни активности .

Во училиштето нема евидентирани ученици со посебни потреби. Планирање покрај за редовната и изборната настава има и за реализација на практичната настава, учење преку работа, феријална пракса, содржини програмирани од училиштето, за слободни ученички активности и за дополнителна и додатна настава

Практичната настава за сите сектори се реализира во училиштето и по фирми и компании. Во училиштето се реализира феријална настава на крајот од учебната година за ученици од прва , втора и трета година .

Распоредот за реализирање настава предвидена согласно наставниот план е изготвен од наставникот вработен во училиштето , а за практичната се изработува во консултација со стручни активи и одобрува од директорот. Училиштето има изработено распоред за

реализација на практична настава по сите образовни квалификации , нецелосен распоред за реализација на содржини програмирани од училиштето Исто така има и распоред за реализација на дополнителна и додатна настава .

## 3.2 Наставен процес

Наставата во СОУ„Ристе Ристески Ричко“ Прилеп се изведува на македонски наставен јазик и се реализира во согласност со актите од Бирото за развој на образование на Република С. Македонија, како и Министерството за образование и наука на РСМ и ЦССО.. Наставата се изведува во соодветно адаптирани кабинети од кои некои се целосно, а некои делумно опремени со наставни средства и помагала. Според условите и материјалните можности практичната настава се изведува за Електотехничката струка во новоопремените кабинети во новата училишна зграда, од машинската струка – дел во старата училишна зграда, а дел во компании, од сообраќајната и графичката струка по работни организации и институции, како и во училиштето. Подобрена самата е организација на практичната настава како и примена на некои нови методи во работата. Дел од практичната настава се изведува во училишните лаборатории за учениците од електротехничката струка, како и во некои работни организации

Во оваа учебна година за потребите на реализација на практичната настава, како и дел од стручните предмети од графичка струка адаптира е една нова работилница со потребни апарати, уреди и материјали за работа. Со тоа покрај постоечките капацитети во голема мера се подобрени условите за работа, но и можностите учениците многу попластично теоретски стекнатите знаења да ги зајакнат преку практични изведби и вежби.

Преку донација на компанијата Genterm училиштето има добиено 10 компјутери а дополнително училиштето набавило 14 нови , со донација од „Витаминка“ 10 компјутери со што од оваа учебна година во секоја од училниците уред. Набавени се 3 проектори и 10 платна

Од учебната 2013/14 година официјално во училишттое работи Кариерниот Центар .

Нацставата по спорт и спортски активности се реализира во фискултурна сала сместена во задниот дел од училишниот двор и истата е добро опремена со спортски реквизити и нагледни средства

Од посетените наставни часови се констатира дека во училиштето наставата е добра

Практичната настава надвор од училиштето се реализира во повеќе фирми. Образовно - работната практика за учениците се остварува во текот на учебната година.

. Учење преку работа се реализира исто така во компании со кои училиштето има скучен трипартитни договори и со истите има уредни Меморандуми за соработка..

Интеракцијта меѓу наставниците и учениците посебно во практична настава е добра.

План за посета на наставни часови се изработува во годишна програма на неделно ниво изработен е план за посета од старана на стручен соработник и директор, кај кој наставник,кога, паралелкан и наставен час . За време на посета се пополнува инструмент за следење на час , кој се споделува усно со посетениот наставник.

## 3.3 Искуство на учениците од учењето

Средината во која учат учениците е многу подобрена за разлика од претходната интегрална евалуација и овозможува добри услови за учење. Атмосфера за совладување на наставните содржини е добра.

Учениците сметаат дека нивното меѓусебно разбирање и соработка се на задоволително ниво Сите подеднакво се мотивираат и поттикнуваат. За сите подеднакво важат сите пропишани процедури и кодекси во училиштето и сите ученици имаат подеднакви права и одговорности пред истите. Дел од учениците учествуваат во

активностите на часот, а наставниците до определено ниво преземаат дополнителни активности да ги поттикнат на активност сите ученици.

Во учлниците нема доволно истакнато трудови од учениците, соодветни пригодни апликации и пароли, нема доволно нагледни средства ,односно училниците не се доволно уредени . Во училишната зграда, низ ходниците нема доволно истакнато трудови на учениците на видни места.

Соработка помеѓу учениците, наставниот кадар и другите вработени во училиштето е на добро ниво .

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Во училиштето постојат процедури за идентификување на ученици со различни образовни потреби. Во училиштето не е формиран е инклузивен тим составен од членови согласно законските прописи.

Нема доволно обуки за наставниците за работа со деца со потешкотии и во своето работење наидуваа на потешкотии во реализација на наставата.

Наставниците и стручната служба ги препознаваат образовните потреби преку процесот на учење на секој ученик, но ученици со потешкотии не се идентификувани. Но, потребно е да се истакне дека според состојбата во паралелката поголем број од наставници применуваат различни техники и методи во процесот на поучување на наставата, заради задоволување на образовните потреби на сите ученици

Наставниците работат со учениците индивидуално во група или со цела паралелка.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Оценувањето во училиштето е добро. Училиштето ги применува и спроведува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Редовните и изборните наставни предмети се оценуваат нумерички, исто и содржините програмирани од училиштето кои не влегуваат во просекот на успехот на учениците .Оценките се утврдуваат на секој класификационен период за време на Класните и Наставничките совети.

Оценувањето се врши на усни и писмени одговори,преку изработка на контролни работи,писмена работа,тестови,изработна на проекти и други изработки на ученици.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето е секогаш отворено за прием на родители, но присутна е појава на недоволна заинтересираност на родителите за соработка со самото училиште.

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно ги применува. За таа цел се користат формални и неформални средби, групни и индивидуални средби со родителите. На родителските средби родителите добиваат пишани извештаи и евидентни листови со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет. Индивидуалните средби се одвиваат по иницијатива на наставникот, директорот или по иницијатива на самиот родител.

Во училиштето во функција е е-дневникот во кој се евидентира оценувањето.

# 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4.1 Севкупна грижа за учениците

Училишниот објект и спортската сала ги задоволуваат стандардите и хигиено-техничките услови за непречено одвивање на наставата. Инфраструктурата на училиштето е безбедна и не претставува опасност за повреда на учениците и вработените. При реализација на практичната настава учениците користат заштитна опрема, за истото во училиштето има сертифицирани наставник и педагогот кој секоја учебна година вршат интерна обука на учениците кои се упатуваат на практична настава (учење преку работа.)  За оваа учебна година училишниот објект и спортската сала се осигурани. Училиштето има спроведено постапка за осигурување на вработените и учениците. Во училиштето има обучен наставен кадар со сертификат за давање на прва помош на лица при несреќи, како и вработен стручен наставен кадар од областа на секторот здравство, кои се оспособени за давање на прва помош. Во училиштето од вработените лица формиран е тим за давање на прва помош. Од страна на Центарот за јавно здравје-Прилеп и Црвен крст - Прилеп се организирани предавања за укажување на прва помош на повредени лица при катастрофи, за ученици и вработени од кои пет поседуваат Сертификат. Училиштето има спроведува симулациона вежба за евакуација, спасување и укажување на прва помош при пожар, земјотрес и други непогоди. Во вежбата се вклучени сите присутни ученици и наставници кои се и главни учесници во вежбата.

Училиштето има изготвено План на мерки и активности за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи. Во училиштето на видни места има поставено патокази за излез. Училишниот објект е обезбеден со три ноќни чувари и околу училишниот објет и во ходниците поставени се 24 сигурносни камери. Училиштето располага со 21 против пожарни апарати и истите редовно се сервисирани (07.12.2022 год.). Во училишниот објект инсталирани се 6 хидранти и четири хидранти во спортската сала. На 07 .12. 2022 год. извршено е контролно водено испитување на хидрантската мрежа. На училишниот објект и на спортската сала поставена е громобранска заштита, 2021 год. извршен е атест за квалитетот на заштитното заземјување на училишните објекти.

Училиштето има пишани документи-кодекси и правилници, со кои се дефинирани сите облици на однесување на учениците, наставниците, родителите и другите лица вработени во училиштето. Во изминатите три учебни години помеѓу учениците има регистрирано ретка појава на вербално и физичко насилство најчесто кај учениците од прва година. За откривање на насилно однесување во училиштето, изготвена е училишна политика за ненасилно однесување и спроведени се анкети и советувања за родители, ученици и наставници. Училиштето на оваа тема има реализирано и реализира едукативни обуки и работилници.

За учениците кои несоодветно се однесуваат и нередовно ја посетуваат наставата, им се изречени педагошки мерки, а од страна на психологот во училиштето спроведени се советувања на ученици и родители. Во изминатиот период во училиштето нема регистрирано појава на ученици кои биле жртви на насилство. Училиштето има распоред на дежурства на наставниците и истите се реализираат за време на одморите и мегу смените.

Училиштето има пишани документи за забрана за пушење, конзумирање на алкохол и наркотични средства, поседување на оружје и опасни материјали по здравјето и животот на сите во училиштето. Класните раководители и педагошко-психолошката служба реализираат соодветни предавања за штетното влијание на зависноста од пушењето, алкохолизмот, наркоманијата и друго. Училиштето има пропишани процедури за постапување при прекршување на забраните.

Во училиштето се продава храна за учениците, продавницата училиштето ја издава под закуп со Договор(арх.бр.03-501/1 од 26.09.2023 година), вработените во продавницата имаат извршено задолжителен санитарен преглед со Санитарна потврда Nr.0366 18.10.2023 година од ЈЗУ Центар за јавно здравје – Прилеп и Извод од Регистарот на објекти и оператори со храна од неживотинско потекло УП-1бр.26-421 од 26.10.2021 година. издадено од Агенцијата за храна и ветеринарство на РСМ. Во соработка со Д-р Ивона Караџоска и стручната служба на училиштето, со учениците од прва и трета година е одржана едукативна работилница на тема:„ Здрави животни навики“.

Во училиштето нема ученик или друго вработено лице кое има физичка попреченост. Пристапот во спортската сала е приспособен за потребите на лица со физичка попреченост. Просторот на првиот спрат во ходниците и во училниците овозможува нивно движење.

Училштето учествува во проектот Ерасмус + во К1 и К2 мобилност, од чии средства во училиштето се обезбедени нагледни средства (интерактивни табли, проектори, компјутери, печатари, скенери и ЦНЦ машина за машинската струка) исто така учениците преку проектот во државите кои ги посетуваат изведуваат и практична настава во фирми и компании од кои имаат добиено Сертификати Youth pass.

Училиштето нема пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците кои поради социјална загрозеност на нивните родители/старатели не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како и другите ученици. Во училиштето за учебна 2022/23 год. идентификувани се 6 ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства додека во оваaа учебна година едентификувани се четири ученици. Училиштето повремено обезбедува материјални и финансиски средства за учениците од социјално загрозени семејства и тоа од хуманитарни акции организирани во училиштето, со обезбедување на надворешна финансиска поддршка од фирми, Црвен крст – Прилеп и во соработка со другите училишта.

### 4.2. Здравје

Училиштето за оваа учебна година има извршено дезинфекција, дезинсекција и дератизација на училишниот простор. Подовите во училниците, ходниците, скалите и санитариите редовно се чистат. Одржувањето на хигиената во училишниот објект и

предниот дел од училишниот двор е добра, додека во спортската сала и задниот училишен двор задоволува. Во училниците и во предниот училишен двор поставени се корпи за отпадоци. Училиштето располага со средства за хигиена. Поради двосменското работење на училиштето, оневозможено е чистење на подот на училниците помеѓу двете смени.

Училиштето има програма за превенција за заштита на учениците од заразни болести. Во второ полугодие од оваа учебна година планирани се систематски прегледи за учениците од прва и четврта година.Минатата учебна година не се извршени систематски прегледи за учениците за кои како причина е наведена недостаток на медицински персонал во ЈЗУ Здравствен дом – Прилеп. При појава на здравствени проблеми од било кој карактер кај учениците, раководителот на паралелката во соработка со родителите на учениците и стручната служба, презема соодветни мерки за заштита на ученикот и неговото што побрзо реинтегрирање во наставата. Училиштето има процедури со кои се дефинираат активности и одговорни лица за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди, подолго време отсуствуваат од редовната настава.

Училиштето со ЈЗУ Општа болница со проширена дејност-Прилеп има склучено договор за вршење на систематски прегледи на вработените во училиштето.

### 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето реализира програма за професионално ориентирање и кариерно советување на учениците. Со учениците од завршните години се вршат индивидуални и групни советувања за понатамошно образование и вработување. Од страна на педагошко-психолошката служба и БАС академијата за учениците од завршните години, по пат на тестирање за способностите на учениците се спроведува проектот „Мултипла интелигенција“. Професор кој е сертифициран за кариерен советник реализира и спроведува анкетни прашалници за типови на интелегенција, способности и вештини кај учениците од завршните години. Исто така и преку содржините програмирани од училиштето со програмата „Подготовка за вработување и работа“ и „Планирање на кариера и обука на работно место“ на учениците им се дава помош при изборот на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување. Во училиштето се организираат посети од страна на факултети и образовни институции, кои пред учениците ги презентираат своите студиски програми и на учениците им помагаат во нивниот избор за понатамошно образование. Преку соработката со компаниите и институциите во облик на посети и реализирање на заеднички активности, учениците по завршувањето на средното образование полесно се вклопуваат на работните места.

### 4.4. Следење на напредокот

Наставниците водат евиденција за напредокот на постигањата, редовноста и поведението на секој ученик. Во училиштето навремено се изготвуваат полугодишните и годишните извештаи за успехот и поведението на учениците. Стручната служба располага со податоци за постигањата на учениците. Запознавањето со постигањата на учениците, се врши преку родителски средби, издавање на евидентни листови и свидетелствата. Наставниците подготвуваат редовни извештаи за успехот на учениците, по квартали, за својата паралелка. Извештаите според паралелки им се доставуваат на увид на стручниот соработник-психолог и на раководниот кадар. Извештаите за постигнатиот успех и поведение на учениците се достапни за сите други наставници, родители и за самите ученици.

# 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето е препознатливо по квалификациите кои ги нуди со дуалното образование и се поголемиот број ученици кои го избираат училиштето да го продолжат своето образование, како и од постигнувањата на учениците во различни области. Училиштето е безбедно и се грижи за здравјето на сите ученици, ја негува половата еднаквост, мултикултурализмот, младинскиот активизам и го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Најголемиот број од наставниот кадар е почитуван од родителите и учениците. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед. Училиштето има кодекс на однесување, во кој се поставени принципите и правилата на однесување на наставниците, стручните соработници, учениците и родителите во училиштето, за време на часовите во училниците и во кабинетите, за време на практичната настава, како и за време на престојот во училиштето и училишниот двор. Кодексот е изработен од стручните соработници во соработка со раководниот кадар и претседателот на училиниот одбор, без учество на претставници на родителите и учениците и истиот е усвоен од училишниот одбор без претходно да биде разгледан од ученичката заедница и советот на родители. Со кодексите се предвидуват превземање на мерки согласно закон во случај на нивно непочитување. Училиштето има интерни акти со кои се уредува преземање на мерки кон учениците и вработените при непочитување на кодексите, куќниот ред, статутот и законите и истите се применуваат во практика.

Училиштето води политика на заемно почитување и вклученост на сите што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и наставниот кадар играат клучна улога во одржувањето позитивна атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени и родителите. Најголемиот број од родителите и учениците ги препознаваат најголемиот број од вработените по грижата кон учениците и по тоа што ги упатуваат учениците да се грижат едни за други и за училиштето. Најголеиот број од учениците се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето без оглед на способностите, полот, етничката припадност, верата и социјалниот статус.

Најголемиот број ученици и вработени ги почитуваат правилата на однесување на училиштето пропишани со кодексите на однесување и Куќниот ред. Постои работна атмосфера за време на наставата и вonнаставните активности, а вработените се грижат

за однесувањето на учениците за време на одморите и на часовите, како при нивното доаѓање и заминување од училиштето. Најголеиот број од учениците се совесни, учтиво се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар. Училиштето доследно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки. Во училиштето нема закани, говор на омраза, провокации, навреди и пишани графити со негативни пораки.

Формирањето и работата на младинската организација не е уредено со статутот или друг интерен акт на училиштето, односно не се пропишани процедури за демократско учество на учениците, демократско формирање на младинска оргаизација на сите нивоа, од паралелка до училиште и демократска процедура при донесувањето одлуки за прашања што се од непосреден интерес за учениците. Формиран е младинска оргаизација што го одразува етничкиот состав на училиштето. Таа во реализација на својата програма добива поддршка од училиштето (менторска, логистичка, материјална итн.). Учениците повремено се информираат од членовите на младинска оргаизација за одредени работи што се од нивни непосреден интерес и повремено учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи. Активностите за младинско учество се иницираат, се планираат и се реализираат од страна на младинската организација со помош од двајца наставници координатори. Младинската организација работи според сопствена програмата за работа и годишно реализира по најмалку пет активности во рамките на училиштето.

### 5.2. Промовирање на постигнувањата

Поголемиот број од наставниците успешно ја организираат средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигнувањата, редовноста и дисциплината на учениците. Поголемиот број од учениците, исто така, имаат високи очекувања од самите себе и од другите и имаат аспирации за повисоки постигнувања на ниво на училиштето. Поголемиот број од наставниците успешно го користат пофалувањето како начин на мотивирање. Училиштето нема изградено систем на промовирање на личните постигнувања на сите ученици во рамките на училиштето и во пошироката локална средина, но има добра воспоставена практика постигањата на учениците во наставата и вонънаставните активности успешно да ги промовира во рамките на училиштето и преку сопствената Интернет страна и Фејсбук страната во пошироки рамки. Поголемиот број од учениците сметаат дека имаат можности согласно со своите способности и интереси да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и во вонънаставните активности. Училиштето нема изградено политика, но има воспоставена добра практика на поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и да постигнуваат успех на натпревари на училишно, општинско, регионално и државно ниво. Во екипните спортски натпревари тимовите се со мешан етнички состав. Училиштето има развиен систем на наградување на учениците што постигнале успех, но не и за наставниците што помогнале во тоа. Училиштето секоја година избира првенец на генерација според сопствен Правилник за избор и прогласување на првенец на генерација. Училиштето има воспоставена добра практика за наградување со пофалници и благодарници на учениците кои освојуваат награди на ученичките натпревари на општинско, регионално и државно ниво, како и во разни вонънаставни активности од видот на ликовни, литературни и друг вид конкурси, хуманитарни акции и слично. Има потреба од воспоставување на пишани процедури за доделување на награди и признанија на учениците што постигнале успех и на наставниците што помогнале во тоа.

### 5.3. Еднаквост и правичност

Најголемиот број од вработените во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување преку разни

активности кои ги реализираат стручните соработници и младинската организација. Училиштето организира работилници со родителите за да ги запознае со правата на децата.

Најголемиот број родители и ученици сметаат дека најголемиот број вработени во училиштето правично и со почит се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите. Секоја година со годишните програми за работа на стручните соработници, младинската организација и детето правобранител се планираат и се реализираат бројни активности за промоција на еднаквоста и правичноста и нивно почитување во односите меѓу сите чинители во училишниот живот. Поголеиот број учениците знаат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со комуникација, толеранција, стереотипи, предрасуди и дискриминација.

Училиштето промовира и практикува позитивно вреднување и промовирање на половата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата и нивно заемно прифаќање. Учениците ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во училиштето и во државата. Училиштето нема партнер училиште и не реализира заеднички наставни или воннаставни активности со ученици кои учат на наставен јазик различен од македонскиот.

## 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални и заеднички родителски средби и приемни денови, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање. На родителските средби родителите се запознаваат со правата и обврските на децата/учениците, кодексите а однесување, куќниот ред, постигањата, редовноста и дисциплината на учениците, како и за дополнителната настава за учениците на кои им е потребна.

Со статутот и деловникот за работа на советот на родители се пропишани демократски процедури за избор на три претставници на родителите во одбор на паралелка, одбор на година и 8 родители во советот на родители. Со процедурите не се обезбедува во составот на училишните органи, застапеност на родители од различни етнички заедници. Родителите преку советот на родители, одборите на годината и одборите на паралелка редовно се запознаваат со целите, организацијата и идните активности и одлучуваат при изборот на претпријатија за: изработка на матурските таблоа, осигурување на учениците, одржувањето на матурските прослави и изведувањето на екскурзиите.

Педагогот има реализирано повеќе работилници и предавања на теми: ненасилство, заштита на личните податоци, заштита од сајбер насилство и други.

Најголемиот број родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето

Училиштето е активно вклучено во животот на општината преку спроведување на бројни активности и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Општината се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето преку обезбедување на средства за инфраструктурни подобрувања и за набавка на нагледни средства и технички помагала.

Училиштето остварува квалитетна партнерска соработка со деловната заедница преку добро организирање на: учење преку работа кај работодавач, практична настава и феријална пракса. Постојат повеќе конкретни примери за успешна соработка со граѓанскиот сектор и активно учество на дел од вработените и младинската организација во проекти од интерес на заедницата, како и соработка со училишта на меѓународно ниво преку „Еразмус плус“ проектите.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1. Сместување и просторни капацитети

СОУ „Ристе Ристески Ричко“-Прилеп располага со училишна зграда од цврста градба со вкупна површина од 2257 м², со спортска сала, спортски терен и училишен двор. Училишниот простор ги исполнива условите за изведување на наставата, согласно нормативот за училишен простор и опрема. Наставата во училиштето се изведува во две смени. Големината на училниците соодветствува на бројот на ученици во паралелките. Училишниот објект располага со 16 училници, во кои се изведува теоретска настава, 7 кабинети во кои се изведува практичната настава и вежби од здравствената струка и струка лични услуги, кабинет по информатика, библиотека, еден кариерен центар и една работилница за текстилната струка, управно административни и други простории, тоалети за учениците на трите нивоа на објектот, тоалети за наставници и приспособен тоалет за лица со физичка попреченост. Училиштето не располага со работилница за шумарско дрво-преработувачката струка и за геолошко-рударско металуршка струка за изведување на практичната настава. Поради големиот фонд на наставни часови, учениците од двете смени максимално ги исполнуваат училниците во текот на секој работен ден.

Затоплувањето на објектот е со сопствено парно греење на течно гориво. Училишниот двор е партерно уреден. Искористеноста на просторните капацитети во училиштето е добра.

## 6.2. Наставни средства и материјали

Опременоста на училиштето со наставни нагледни и технички средства, информатичка компјутерска техника, машини и алати делумно задоволува. Наставниците и учениците имаат ограничен пристап до наставните средства, помагала и материјали потребни за учењето и наставата. Во секоја училница има инсталирано по еден персонален компјутер за наставниците. Во кабинетот по информатика инсталирани се 22 персонални компјутери. Кабинетот по информатика доволно е опремен со компјутерска техника. Во наставничката просторија има инсталирано три персонални компјутери и има интернет конекција во училиштето. Училиштето располага со 5 СМАРТ табли и 3 ЛЦД прожектори.

Во училиштето има училишна библиотека и има изготвено програма за работа на библиотеката. За работа на библиотеката ангажирани се тројца наставници со неполн фонд на часови. Работното време на библиотеката е за секој работен ден и ги опфаќа двете смени на настава. Во однос на библиотечниот фонд, училишната библиотека располага со над 7800 книги-лектирни изданија, 374 книги-стручна литература, од областа на медицината, 844 книги белетристика, 5856 учебници, над 1300 книги на странски јазици. Согласно законот за учебници за средното образование, Министерството за образование и наука делумно обезбедува бесплатен комплет на учебници за секој ученик. Состојбата во училиштето во овие учебни години е лоша заради недостигот на учебници за стручните предмети и друг тип на литература. Библиотечната евиденција се води во пишана и во електронска форма. Книгите се изложени на полици. Библиотеката има читална, опремена со компјутер и има интернет пристап, но не располага со магацин

за чување и издавање на книги. Од страна на училиштето до Министерството за образование и наука доставено е барање со список на потребни учебници кои недостасуваат.

Потребите од наставни средства и материјали се утврдуваат на заедничките состаноци на стручни активи и на наставнички совет. За изведување на воспитно-образовниот процес се врши набавка на потрошен материјал според финансиските можности на училиштето. При реализација на практичната настава дел од потрошниот материјал учениците го набавуваат од сопствени средства. Во финансискиот план за 2022 година, предвидени се финансиски средства за набавка на наставни нагледни и технички средства, како и набавка на канцелариски материјали.

### 6.3. Обезбедување на потребниот наставнички кадар

Во учебната 2022/23 година, во училиштето вработени се вкупно 62 наставници, од кои 53 наставници на неопределено работно време и 9 наставници на определено работно време. Четири наставници се несоодветни согласно Нормативот за наставен кадар. Во оваа учебна година нема вработено наставник-приправник. Стручната служба е составена од педагог и психолог. За работното место библиотекар ангажирани се тројца наставници кои дополнуваат наставни часа до полно работно време. Од административни службеници во училиштето вработено е едно лице и тоа: секретар-благајник. Сметководствените работи на училиштето ги врши лице вработено во општината. Од помошно-технички лица во училиштето вработени се 10 хигиеничари, еден ложач на парно греење, двајца ноќни чувари и еден хаус-мајстор. Директорот на училиштето од редот на наставниците има именувано лице за помошник директор за 10 наставни часа.

При избор на наставен кадар не е констатирана родова, национална или друга дискриминација. Вработените во училиштето го почитуваат работното време. Редовноста на наставниот кадар, административните службеници и на помошно-техничкиот персонал ја следи помошник директорот.

### 6.4. Следење на развојните потреби на наставничкиот кадар

Во Годишната програма за работа на училиштето, како и во програмите за работа на директорот и стручната служба, планирани се активности за поддршка за професионален развој на наставниците и на стручните соработници, преку учество на семинари, работилници, предавања и нивна дисеминација во училиштето. Секој наставник има ажурирано портфолио за професионален развој со изготвен личен план за професионален развој. Во училиштето се користат прашалници за наставници со кои се идентификуваат потребите на наставниците за професионален развој. Во училиштето преку менторска работа и инструктивна работа на стручните соработници се дава помош на наставниците-приправници.

Во последниве три учебни години наставниците имаат посетувано обуки на тема: „Современи концепти на средното образование“- новата улога на наставникот и новите стратегии на поучување и учење, обуката ја посетиле 53% од наставниците во траење од 8 часа, во организација на МОН и БРО.

„Критичко размислување и решавање на проблеми и микробит“ обуката ја посетиле 46% од наставниците, во траење од 16 часа, во организација на МОН и БРО.

„Основна обука за безбедност и здравје при работа“ обуката ја посетиле 46% од наставниците, во организација на ЦСОО;

„Микробит“ обуката ја посетиле 46% од наставниците, во траење од 8 часа, во организација на МОН и БРО.

Останатите обуки се со помал процент на посетеност и се на различни теми, согласно интересите и потребите на наставниците.

### 6.5. Финансиско работење во училиштето

Училиштето финансиските средства ги обезбедува преку буџетот на локалната самоуправа и од сопствени приходи. Јавнта набавка за превоз на ученици, електрична енергија и набавка на течни горива за огрев, ги спроведува училиште во Општина Прилеп, кое е носител на групна набавка. Набавките од мала вредност (систематски прегледи на вработените, осигурување на вработени и ученици, сервисирање на ППА, набавка на канцелариски и потрошен материјал, средства за хигиена, осигурување на објектите и др.) ги спроведува училиштето. Училиштето секоја година, со одлука на Училишен одбор, донесува финансов план како и извештај за финансиското работење на училиштето. Завршните сметки се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор. Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и неговото трошење.

Училиштето располага со сопствената сметка-787 на која има прилив на средства од издавање под закуп на спортската сала и училишен простор, како и прилив на средства од упис на вонредни ученици.

Исто така училиштето располага со донаторски сметки 785-LO, 785-K6I, 785-J1, 785-I7, 785-G8, 785-E9 и 785-H2 на кои приливот на средства се од страна на Националната агенција за Европски образовни програми и мобилност, за реализација на проекти.

Училишниот одбор има донесено одлука и правилник за издавање на спортската сала. Користењето на спортската сала за спортски тренинзи и натпревари ќе им биде овозможено во термини кои нема да ја попречуваат наставно-образовната работа. Училиштето со ФК „Перак“ Прилеп и со ОК „11-Октомври-2008 Прилеп“ има склучено договори за користење на спортската сала, а со ДООЕЛ „Жалфија“-Прилеп има склучено договор за закуп на деловен простор.

Согласно финансискиот план на буџетската сматка на училиштето редовно пристигнуваат планираните финансиски средства.

# 7.Управување/раководење со училиштето и креирање на политика на училиштето

## 7.1. Управување и раководење со училиштето

Училишниот одбор е конституиран со 11 члена. Стопанската комора нема именувано претставник од деловната заедница и покрај навременото и уредно доставено барање од училиштето. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со статутот и деловникот за работа на училишниот одбор. Состаноците се одржуваат и реализираат во согласност со деловникот за работа на училиштен одбор. Се одржуваат по еден и повеќе состаноци месечно, во присуство на мнозинство од членовите со право на глас и одлуките, ставовите и заклучоците се носат со мнозинство гласови од вкупниот број на членови со право на глас.

Училишниот одбор работи според своја порграма и акционен план. Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа преку огласната табла во училиштето. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Училиштето обезбедува обука за членовите на училишниот одбор заради успешно извршување на улогата на управување. Десет од единаесет членови се со сертификати за успешно завршени обуки. Училишниот одбор редовно и навремено ги разгледува и усвојува сите програмски документи на училиштето: годишните програми за работа на училиштето, годишните извештаи, развојната програма, самоевалуацијата и други. Има примери училишниот одбор да постапува по приговори од вработени.

Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени наставниците преку наставничкиот совет и родителите преку советот на родители. Претпочита работа ос тимови, па така покрај законските комисии и тимови формира и други: комисија за рангирање при упис на ученици, училишна матурска комисија, конкурсни комисии (за познавање на македонскиот јазик, за разгледување на документи и др.), комисија за јавни набавки, пописна комисија, тим за спроведување на самоевалуација, тим за изготвување на развонјата и годишните програми, тим за промоција на училиштето во основните училишта во општината и околните општини, комисија за изработка на програмите за екскурзии и за нивно споведување, тим за одбележување на денот на училиштето, тим за прослава на матурската вечер и други. Раководниот орган го следи работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во училиштето. Ефективно делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот професионален развој.

Најголемиот број вработени и родители се задоволни од раководењето и сметаат дека директорот носи одговорни одлуки и има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата.

Директорот успешно ги имплементира во училиштето промените во образовниот систем, се фокусира на приоритетите идентификувани во развојниот план/програма, со посебно внимание на постигнувањата на учениците и подобрувањето на училиштето.

Воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во поширокаta заедница. Има воспоставено продуктивна соработка со повеќе училишта меѓу кои: СОУ „Наум Наумоски-Борче“ Крушево, СОТУ „Ѓорѓи Наумов“ Битола, АСУЦ „Боро Петрушевски“ Скопје. Партнеска соработка има воспоставено и со повеќе субјекти од деловната

заедница во насока на реализирање на практичната и феријалната практика и учењето преку работа кај работодавач: „ГЕНЕРМ“, „ВИК“, „КОМФИ АНГЕЛ“, „ИНТЕГРА СИСТЕМ“, „ВИТАМИНКА“, „ЛАМИНАТИ“, „АЧИК ИНЖЕНЕРИГ“ и други. Раководниот орган има компетенции за тимска работа и тоа го практикува при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет преку тимовите за изготвување на развојната програма и годишните програми и тимот за спроведување на самоевалуација.

### 7.2. Креирање на училишната политика

Мисијата и визијата на училиштето ја одразуваат државната и локалната образовна политика и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, поддршка на активностите за инклузија, професионален развој на наставниците, унапредување на постигнувањата на учениците и соработката со родителите. Вработените, родителите и учениците се запознаени со мисијата и визијата преку своите органи. Училиштето ги вклучува наставниците, родителите и учениците во остварувањето на мисијата и визијата. Училиштето соработува со општината за остварување на мисијата и визијата.

Училиштето нема има пропишани процедури за донесување училишни политики. Училиштето преку развојната програма и годишните програми за работа во континуитет работи на подобрување на квалитетот за работење во училиштето, инклузијата, младинското учество , намалување на сите видови насилства вклучително и на семејното насилство, недискриминација и друго.

Училиштето нема акциски планови за остварување на резултатите во поставените цели и нема план за следење и евалуација и индикатори за остварување на резултатите. Активностите за остваруањето на развојните цели се планираат со развониот план и во годишните програми за работа на училиштето. Училиштето ги запознава наставниците, учениците и родителите за динамиката на остварување на развојните цели преку нивните органи.

Од планираните развојни цели во целост остварено е:

- прилагодување и опремување на работилницата за машинскиот сектор,
- реконструирање на подовите во четири училници, а не во сите како што е планирано,
- опремување на училниците планирани за опремување, :со проектори, паметни табли и компјутери, според потребите за изведување на наставата,
- обучување на наставниците за примена современи стратегии во наставата,
- унапредување на стимулативна средина за учење и
- збогатување со форми на соработка со родителите.

Тековно се остваруваат следните развојни цели:

- унапредување на мотивацијата на учениците за поголеми постигања,
- подобрување на редовноста на учениците во наставата,
- унапредување на вештините за комуникација помеѓу наставниците и учениците,
- унапредување на квалитетот во воспитно-образовниот процес,
- унапредување на условите за деца со посебни образовни потреби

## Наоди и препораки

### Јаки страни

- ✓ Соработка со локалната и деловната заедница на високо ниво
- ✓ Поддршка на наставниците од страна на стручната служба во процесот на планирање и реализација и следењето на воспитно образовниот процес
- ✓ Членовите на Училишниот одбор имаат обука во надлежност на нивната работа
- ✓ Зголемен интерес на учениците за упис во училиштето
- ✓ Грижа за здравјето на учениците и безбедни услови за настава
- ✓ Планирање и навремено обезбедување потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности

### Слаби страни

- ✓ Не е формиран тим за меѓуетничка интеграција
- ✓ Дел од училишниот двор не е ограден
- ✓ Недоволната оспособеност на наставниот кадар за планирање на наставниот процес за работа со ученици со посебни потреби

### Препораки

- ✓ Да се превземат активности за формирање тим за меѓуетничка интеграција
- ✓ Да се превземат активности за оградување на училишниот двор
- ✓ Да се превземат активности за помош на наставниот кадар за планирање на наставниот процес за работа со ученици со посебни потреби

| | |
|---|---|
| Антониела Стојаноска , Раководител на инспекцискиот тим | |
| Жаклина Наумовска, Инспектор | |
| Гордан Трифуновски,Инспектор | |